**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1403-95/5**

**Скопје, 18.02.2008 година**

**ДО**

**ДИРЕКТОРОТ НА ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „ДИМИТАР БЕРОВСКИ„ БЕРОВО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката на буџет за наменски дотации (903) на Домот на културата „Димитар Беровски„ Берово за 2006 година, кои се прикажани на страните од 5 до 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Сметката на буџет за наменски дотации на Дом на култура „Димитар Беровски„ Берово за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Звонко Скендерски, директор на Домот на културата во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 03.12 до 04.12.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

______________________

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Паричните средства за наменски дотации за Домот на културата „ Димитар Беровски „ Берово дотирани од средствата на Буџетот не се реализирани за намените за кои биле дотирани, што е спротивно на Буџетот за наменски дотации за 2006 година на општина Берово и финансовиот план на Домот на културата.
На налозите за плаќање преку трезорската сметка се наведени сметките за кои се буџетирани средства, а трошењето е вршено за намени за кои не се планирани или помалку се планирани средства. Ефект од тоа е ненаменско трошење на средствата планирани со Буџетот за 2006 година.
**Препорака:**
Домот на културата да ги користи средствата согласно намените утврдени со финансовиот план, а доколку во текот на годината има потреба за поголеми или помали износи на расходи по пооделни ставки од Буџетот да бараат до Градоначалникот да се врши прераспределба на истите согласно Законот за буџетите.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Евидентирањето на сметководствената документацијата во Домот на културата „Димитар Беровски„ не се врши согласно одредбите на Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и согласно Уредбата за канцелариско и архивско работење, поради тоа што:
- документацијата не е ликвидирана, односно не е проверена нејзината точност;
- нема потврда со потпис за одобрување на набавката од страна на одговорното лице;
- нема пишани процедури за прием, движење и евидентирање на документацијата;
- не се евидентира во архивска книга-деловодник,и
- на истата нема број и датум на приемот, односно испраќањето;
Причина за ваквата состојба е наследената пракса од минати години. Ваквиот начин на работа го зголемува ризикот за погрешно проценување на билансните позиции и изготвување на нереални финансиски извештаи.
**Препорака:**
Одговорното лице да превземе активности согласно законските прописи да се изготват пишани процедури во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите во делот на приемот, контролата и движењето на сметководствените документи.

10.2.2. Наодот од точка 10.2.1. од Конечниот извештај за Сметката на самофинансирачки активности (787) кај Домот на културата „ Димитар Беровски„ Берово во делот на благајничкото работење се однесува и за сметката на буџетот на наменски дотации.

**10.3. Неправилности во искажувањето на приходите и расходите**

10.3.1. Ревизијата не се увери во реалноста на дел од направените трошоци во вкупен износ од 205 илјади денари за набавка на разни материјали, книги за библиотека, набавка на канцалариски и рекламен материјал, материјал за ликовна колонија, огревно дрво, електро материјали и материјали за водоводна инсталација од причина што во прилог на фактурите нема испратници со потпис од страна на надлежно лице од Домот на културата, кое ќе го потврди приемот на набавените добра. Евидентирањето на трансакциите без комплетна документација е спротивно на одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и придонесува за постоење на ризик од искажување на нереални трошоци.

**Препорака:**
- За набавените добра да се врши прием од ракувачот со иститe и приемот да се верифицира.
- Евиденцијата на финансиските трансакции во сметководството да се врши врз основа на комплетна сметководствена документација.

10.3.2. Од сметката за наменски дотации за 2006 година направени се расходи за:
- гориво-бензин во износ од 23 илјади денари за возило сопственост на директорот на Домот на култура, кое се користи за службени потреби. Причина за истото е што Домот на културата нема сопствено возило. За трошењето на овие средства не е водена посебна евиденција преку изготвување на налози за користење на возилото за службени потреби, и
- расходи за мобилен телефон на директорот, кој е во негова сопственост, за набавка на моби картички (ваучери) во износ од 15 илјади денари.

За овие видови на расходи не е донесен акт, одлука од Управниот одбор, што е спротивно на одредбите од Статутот на домот на културата и има за ефект нетранспарентност за направените расходи и можност за ненаменско трошење на буџетски средства.

**Препорака:**
Управниот одбор да донесе одлука кога и во кои случаи може да се користи сопствено воило за службени цели и за набавка на ваучери за потребите на директорот.

**10.4. Неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки**

10.4.1. При увидот во начинот на спроведување на постапките за јавни набавки за 2006 година ревизијата утврди неприменување на одредбите од Законот за јавни набавки и тоа:
- не е донесен план за потребите за набавки за 2006 година, што е спротивно на член 11 од Законот;
- нема донесено интерен акт за регулирање на набавките од мала вредност, што е спротивно на член 72 од Законот;
- нема формирано комисија за јавни набавки;
- во текот на 2006 година спротивно на членот 72 од Законот за јавни набавки, без постапка за јавна набавка извршени се набавки од мала вредност во вкупен износ од 137 илјади денари (Прилог бр 1).

Не спроведувањето на постапките за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки создава можност за нееднаква положба на понудувачите.

**Препорака:**
Набавките на добра и услуги да се врши според одредбите од Законот за јавни набавки.

11. Според наше мислење, поради изнесеното во точките 10.1., 10.2.1. и 10.3., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката на буџет за наменски дотации на Домот на културата „Димитар Беровски „ Берово на ден 31 декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, поради изнесеното во точките 10.1. и 10.4., не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје12.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**ДОМ НА КУЛТУРА „ДИМИТАР БЕРОВСКИ„ БЕРОВО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 ГОДИНА**
**СМЕТКА 903**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 619 | 206 |
| **Вкупно приходи** | | **619** | **206** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1. | 619 | 206 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **619** | **206** |
| **Вкупно расходи** | | **619** | **206** |

**ДОМ НА КУЛТУРА „ДИМИТАР БЕРОВСКИ„ БЕРОВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2006 ГОДИНА**
**СМЕТКА 903**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 30 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **30** | **0** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 179 | 0 |
| **Вкупно постојани средства** | | **179** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **209** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 21 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.2. | 9 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **30** | **0** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 179 | 0 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **179** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **209** | **0** |

**ДОМ НА КУЛТУРА „ДИМИТАР БЕРОВСКИ„ БЕРОВО**
**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**
**СМЕТКА 903**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **0** | **0** |
| **Зголемување по основ на:** | **179** | **179** |
| Набавки | 179 | 179 |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **179** | **179** |